# Универзитет Св. Климент Охридски – Битола | Alumni интервју

## За Вас

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | *Александар Савески* |
| **Факултет/студиска програма** | *Технолошко технички факултет Велес, додипломски студии: прехранбена технологија и биотехнологија (9,5), магистерски студии: квалитет и безбедност на храна* |
| **Работно место/позиција** | *СОУ „Орде Чопела“ - Прилеп* |
| **Година на дипломирање** | *2009* |
| **E-mail адреса** | *saveskia@yahoo.com* |

## Споделете искуства од студирањето на УКЛО/ Технолошко-технички факултет - Велес

**Наведете зошто избравте да студирате на Технолошко-технички факултет - Велес, ваши искуства во текот на студиите, интересни случки и сл.**

*Со завршувањето на средното хемиско училиште во Прилеп, насока: прехранбен техничар имав желба да го продолжам образованието на факултет кој ќе биде од областа на прехранбена технологија и биотехнологија. Пониските трошоци за студирање, студиската програма, можностите кои ги понуди факултетот и уписната стипендија од прехранбениот сектор беа клучни фактори за своето образование да го продолжам на Технолошко технички факултет Велес.*

*Практичната настава во текот на студирањето, одличната комуникација со наставниот кадар, поддршката и соработката од нивна страна се голема предност за секој студент на овој факултет.*

*Во текот на студиите бевме вклучени во соработката со факултетите надвор од нашата држава, учеството на натпревари, конгреси и конференции, организирање на настани на факултетот. Сите овие активности кои во континуитет се реализираа беа одлична можност студентите да стекнат ново искуство, да ги прошират своите знаења, познанства и сл.*

## Споделете Ваши искуства по дипломирањето на УКЛО/Технолошко-технички факултет - Велес

**Опишете каде и што работите, опишете го Вашиот професионалн пат, наведете Ваши позначајните лични и професионални постигнувања**

*Демонстратор при Технолошко технички факултет Велес 2014 - 2015 (предмети: сензорна анализа на храна, квалитет и безбедност на храна, технологија на млеко и млечни производи, технологија на месо и преработки од месо, познавање на исхрана, маркетинг на прехранбени производи)*
*Прехранбена индустрија „БИМФООД “ – Прилеп 2016 – 2017, сектор за квалитет и безбедност на храна*
*СОУ „Орде Чопела“ – Прилеп , стручни предмети*

*Објавени трудови на меѓународни конференции.*
*Учество во реализација на проект „Здрави навики – здрав живот“ со поддршка од Општина Велес. Активности во НВО сектор.*

## Alumni совет

**Со една до две реченици што би им порачале како совет на сегашните и идните студенти на УКЛО?**

Универзитетот Св. Климент Охридски Битола нуди одлични можности за студентите. Им порачувам на сегашните и идните студенти да вложуваат во своите знаења, да ги користат можностите во текот на студиите кои им се понудени и да ги надоградуваат своите вештини и способности.